Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за надворешни работи
Ministria e Punëve të Jashtme

OSCE NORTH MACEDONIA 2023 | IT'S ABOUT PEOPLE

**До: Пратениците на Собранието на Република Северна Македонија**

Почитувани пратеници,

Во петок започнува дискусија по која ќе следи гласање за второто најважно прашање кое било кој парламентарен состав требал да ги донесе во историјата на земјата по независноста – по зачленувањето во НАТО, остварување на втората стратегиска цел на државата за приклучување кон напредното Европско семејство на држави. Во петок Вие ќе одлучувате за европската иднина на Северна Македонија, определба за која работиме и работеа сите Влади во изминатите 30 години. Од Вас ќе зависи дали со прифаќање на промената на Уставот ќе ги продолжиме разговорите по поглавјата за членство во Унијата или ќе запреме во преговорите на подолг рок, до некоја нова шанса, без никаква гаранција за успех, поттикнувајќи го процесот на „пасошизација" на граѓаните кои бараат европска иднина за себе.
Верувам и знам дека секој од вас сака да бидеме членка на Унијата составена од најдемократски и најбогати земји во светот која гарантира мир, демократски развој и економски просперитет.

Во процесот на преговорите имавме за цел да го зачуваме и зајакнеме македонскиот јазик и македонскиот национален идентитет. Одговорно тврдам дека во тоа успеавме. Македонскиот јазик за прв пат беше прифатен и гласан во Советот на ЕУ помеѓу земјите членки и е недвосмислено дел од европските јазици. Овој факт не може никој да го побие.

Јас ги разбирам сите оние што стравуваат од можностите за натамошни обиди за негирање и наметнување нови билатерални услови. Најодговорно тврдам дека историските и идентитетските прашања не се дел од патоказите и одредниците од кои зависи отворањето и затворањето на поглавјата. Со оваа промена на Уставот, ние само ќе ја зајакнеме нашата меѓународна положба и ќе ја зголемиме меѓународната поддршка за нашите цели. Низ

**Drejtuar: Deputetëve të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Të nderuar deputetë,

Të premten do të fillojë diskutimi, e më pastaj votimi për çështjen e dytë më të rëndësishme që çdo legjislaturë parlamentare duhet ta kishte bërë në historinë e vendit pas pavarësisë - pas anëtarësimit në NATO, arritja e qëllimit të dytë strategjik të shtetit për anëtarësim në familjen e shteteve progresive evropiane. Të premten, Ju do të vendosni për të ardhmen evropiane të Maqedonisë së Veriut, përcaktim ky për të cilin jemi duke punuar dhe kanë punuar të gjitha Qeveritë në 30 vitet e fundit. Nga Ju varet nëse me pranimin e ndryshimit të Kushtetutës do t'i vazhdojmë bisedimet për kapitujt e anëtarësimit në Union apo do të ngecim në negociata për një afat më të gjatë, deri në një mundësi të re, pa asnjë garanci suksesi, duke nxitur procesin e "pasaportizimit" të qytetarëve që kërkojnë një të ardhme evropiane për veten e tyre.

Besoj dhe e di që secili prej jush dëshiron që të jemi anëtarë të Unionit të përbërë nga vendet më demokratike dhe më të pasura në botë që garanton paqe, zhvillim demokratik dhe prosperitet ekonomik.

Në procesin e negociatave kishim për qëllim ruajtjen dhe forcimin e gjuhës maqedonase dhe identitetit nacional maqedonas. Me plot përgjegjësi them se ia dolëm. Gjuha maqedonase është pranuar dhe votuar për herë të parë në Këshillin e BE-së mes shteteve anëtare dhe është pa mëdyshje pjesë e gjuhëve evropiane. Askush nuk mund ta mohojë këtë fakt.

I kuptoj të gjithë ata që kanë frikë nga mundësia e përpjekjeve të mëtejshme për mohim dhe për të vendosur kushte të reja bilaterale. Me shumë përgjegjësi pohoj se çështjet historike dhe identitare nuk janë pjesë e udhërrëfyesve dhe dispozitave nga të cilat varet hapja dhe mbyllja e kapitujve. Me këtë ndryshim të Kushtetutës, ne vetëm do ta përforcojmë pozitën tonë ndërkombëtare dhe do ta rrisim mbështetjen ndërkombëtare për qëllimet tona. Përmes negociatave do të përmirësohen dhe forcohen

"Филип Втори Македонски" 7, 1000 Скопје
(02) 3110333, (02) 3115 790
mailmnr@mfa.gov.mk; www.mfa.gov.mk

"Filipi i Dytë i Maqedonisë " 7, 1000 Shkup
(02) 3110333 (02) 3115 790
mailmnr@mfa.gov.mk; www.mfa.gov.mk

преговорите, шансите да продолжиме да ја промовираме и унапредуваме македонската национална посебност, историја и култура ќе бидат значително подобри и зајакнати.

Секој човек и политичар би бил среќен да биде запаметен од историјата дека постапил правилно кога било најважно. Да остане запаметен дека бил на вистинската страна, дека не се колебал во одлуката со која помогнал земјата да оди напред, а луѓето во неа да живеат подобро.
Јас лично не се сомневам дека со оваа промена на Уставот ќе направиме било каква грешка, напротив ќе отвориме ново поглавје на развој и стабилност за нашите граѓани.
Како што веќе многупати повторував во сите мои јавни настапи, оваа промена не менува ништо во положбата на Бугарите во земјава и во однос на правата што до сега ги имаа и им ги гарантираше Уставот.
Оваа промена ни дава можност на Република Бугарија и на светот да им докажеме дека тие не се дискриминирани, бидејќи реално тоа е така. Ова е можност да ги одземеме сите аргументи, а потоа да се втурнеме брзо кон реформските процеси кои се најважни за нашите граѓани и во наш најдобар интерес.

Со промената на Уставот, ќе стане јасно дека покрај македонскиот народ во земјава живее и дел од бугарскиот народ, кој е различен.

И конечно, одговорно кажувам дека ова не го правиме под диктат на Бугарија, ниту заради уцена од нејзина страна. Ова е компромис во преговорите откако нивниот меморандум до ЕУ за непризнавање на македонскиот јазик и нација не доби поддршка од земјите членки. Компромис со кој го заштитивме македонскиот јазик и идентитет.

dukshëm mundësitë për të vazhduar promovimin dhe avancimin e veçantisë, historisë dhe kulturës nacionale maqedonase.
Çdo njeri dhe politikan/e do të ishte i/e lumtur të ngelte në kujtesën e historisë që ka vepruar në mënyrën e duhur kur ka qenë më së shumti e rëndësishme. Të ngelet në kujtesë se ka qenë në anën e duhur, se nuk ka hezituar në vendimin me të cilin ka ndihmuar vendin të ecë përpara, ndërsa njerëzit në të të jetojnë më mirë.

Unë personalisht nuk kam asnjë dyshim se me këtë ndryshim të Kushtetutës do të bëjmë çfarëdo lloj gabimi, përkundrazi do të hapim një kapitull të ri të zhvillimit dhe stabilitetit për qytetarët tanë.
Siç e kam përsëritur tani më shumë herë në të gjitha paraqitjet e mia publike, ky ndryshim nuk ndryshon asgjë në pozitën e bullgarëve në Maqedoni dhe në lidhje me të drejtat që deri më tani i kishin dhe të cilat ua garantonte Kushtetuta.

Ky ndryshim na jep mundësi që Republikës së Bullgarisë dhe botës t'u dëshmojmë se ata nuk janë të diskriminuar, sepse në realitet është kështu. Kjo është mundësi që tua marrim të gjitha argumentet dhe pastaj të nxitojmë drejt proceseve reformuese, të cilat janë më të rëndësishmet për qytetarët tanë dhe në interesin tonë më të mirë.

Me ndryshimin e Kushtetutës do të qartësohet se krahas popullit maqedonas në vend jeton edhe një pjesë e popullit bullgar, i cili është ndryshe.

Dhe në fund, e them me përgjegjësi se këtë nuk po e bëjmë nën diktatin e Bullgarisë e as për shkak të shantazhit nga ana e saj. Ky është kompromis në negociata pasi që memorandumi i tyre deri tek BE për mosnjohje të gjuhës dhe kombit maqedonas nuk mori mbështetje nga vendet anëtare. Kompromis me të cilin e mbrojtëm gjuhën dhe identitetin maqedonas.

**Министер/Ministër**

**Bujar Osmani**